КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ
И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ НА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 01 - 381
21.03 20 18 год.
СКОПЈЕ

# СТАТУТ

## на Комората на овластени архитекти и овластени инженери на Република Македонија

Февруари, 2018

-пречистен текст-

## Содржина

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ ........ 3
ii. ПРАВА, ОБВРСКИ И ОДГОВОРНОСТИ НА КОМОРАТА ........ 4
III. ОРГАНИЗАЦИЈА НА КОМОРАТА ........ 5
ОРГАНИ НА КОМОРАТА ........ 5
1. Собрание на Комората ........ 6
2. Управен одбор ........ 8
3. Надзорен одбор ........ 11
4. Претседател и потпретседател на Комората ........ 11
5. Одделенија ........ 13
6. Стручна служба ........ 14
IV. ПОСТАПКА ЗА ЗАПИШУВАЊЕ ВО ИМЕНИЦИТЕ НА КОМОРАТА ........ 14
Мирување на членство во Комората ........ 16
Престанување на членството во Комората ........ 16
V. ПРАВА И ДОЛЖНОСТИ НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ ........ 16
VI. ДИСЦИПЛИНСКА ПОСТАПКА ........ 17
Дисциплинска комисија ........ 18
Дисциплинска одговорност на овластен архитект и/или овластен инженер ........ 18
Поведување на дисциплинска постапка ........ 19
Постапка пред Дисциплинската комисија ........ 19
VII. ЈАВНОСТ ВО РАБОТЕЊЕТО НА КОМОРАТА ........ 19
VIII. ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ НА КОМОРАТА ........ 20
IX. ПЕЧАТ, ЗНАК, ЖИГ И ЗНАМЕ НА КОМОРАТА ........ 21
X. ЧУВАЊЕ НА СПИСИТЕ ........ 21
XI. АРБИТРАЖА НА КОМОРАТА ........ 21
XII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ ........ 22

Врз основа на член 109 од Законот за градење (Законот за градење „Службен весник на Република Македонија" бр.130/2009, 124/2010, 18/2011, 36/2011, 54/2011, 13/2012, 13/2012, 144/2012, 25/2013, 79/2013, 137/2013, 163/2013, 27/2014, 28/2014, 42/2014, 115/2014, 187/2014, 44/2015, 129/2015, 217/2015, 30/2016, 31/2016 ,71/2016 и 132/2016), и статутарните измени донесени од Собранието на Комората на овластени архитекти и овластени инженери на седницата на Собранието одржана на 24 Февруари 2018 година, во прилог ПРЕЧИСТЕН ТЕКСТ од:

# СТАТУТ
## на Комората на овластени архитекти и овластени инженери на Република Македонија

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој статут поблиску се уредуваат организацијата на Комората на овластени архитекти и овластени инженери на Република Македонија (во натамошниот текст: Комора), облиците на здружување на овластените архитекти и овластените инженери, правата и должностите на овластените архитекти и овластените инженери, постапката на упис во Именикот на Комората, дисциплинската постапка за утврдување на повреда на должноста и на угледот од страна на овластен архитект и овластен инженер, органите и телата за поведување и водење дисциплинска постапка, јавноста во работата на Комората и други прашања важни за нејзините членови.

### Член 2

(1) Полниот назив на Комората е: Комора на овластени архитекти и овластени инженери на Република Македонија. Скратениот назив на Комората е: Комора на овластени архитекти и овластени инженери. Кратенка на Комората е: КОАИ.

(2) Комората е самостојна, професионална, непрофитна и независна организација, со својство на правно лице. Комората својството на правно лице го стекнува со денот на запишувањето во Регистарот на здруженијата на граѓани и фондациите.

(3) Седиштето на Комората е во Скопје.

(4) Полниот назив на Комората на англиски јазик е: Chamber of certified architects and certified engineers of the Republic of Macedonia.

(5) Комората има свои: печат, штембил, знак, знаме и сув жиг.

(6) Денот на Комората е 18 декември.

(7) По повод на јубилеи и значајни настани Комората доделува награди, признанија и слично.

### Член 3

(1) Комората ги застапува, усогласува и заштитува интересите на овластените архитекти и овластените инженери и ги заштитува интересите на трети лица при вршењето на работите на овластените архитекти и овластените инженери.

### Член 4

(1) Овластен архитект и овластен инженер според овој статут е лице кое ги исполнува условите од Законот за градење и/или Законот за просторно и урбанистичко планирање, на кое Комората му издала соодветно овластување и кое е член на Комората.

(2) Член на Комората од став 1 е лицето со намирена годишна членарина, кое ги почитува одредбите од Статутот и другите акти на Комората.

## II. ПРАВА, ОБВРСКИ И ОДГОВОРНОСТИ НА КОМОРАТА

### Член 5

(1) Комората врши јавни овластувања утврдени со Законот за градење и Законот за просторно и урбанистичко планирање и за нив води евиденција.

(2) Јавните овластувања се состојат од издавање акти кои се јавни исправи, и тоа:

- овластување за проектирање, ревизија на проектна документација, надзор над изградба на градби и раководење со изградба на градби согласно Законот за градење;
- овластување за носител на изработка на урбанистички планови, согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање;
- потврда за овластувања на странски архитекти или инженери за работа на проектирање, ревизија на проекти, надзор над изградба на градби, и раководење со изградба на градби;
- нострификација на проекти изработени во странство.

(3) Комората води именик и води евиденција на дисциплинските постапки, евиденција за испишаните од именикот и други евиденции одредени со овој статут.

(4) Именикот и евиденциите од став 3 од овој член се јавни книги. Извадоци од нив и потврди издадени врз основа на тие евиденции се јавни документи.

(5) Надзорот над вршењето на јавните овластувања од став 2 од овој член го спроведува органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот, **согласно Законот за градење.**

(6) За вршењето на јавните овластувања Комората поднесува годишен извештај до органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот.

### Член 6

(1) Со цел да го заштити јавниот интерес и интересите на трети лица, Комората ја унапредува архитектонската и инженерската дејност во согласност со Уставот, со Законот за градење, со Законот за

просторно и урбанистичко планирање, со овој статут, со Кодексот на професионална етика и со другите општи акти на Комората.

(2) За остварување на целта од став 1 од овој член Комората:

1. ги чува честа, угледот и правата на овластените архитекти и овластените инженери и обезбедува услови за правилно вршење на стручните работи на проектирање, ревизија на проектна документација, раководење со изградба и надзор над изградба на градби од прва и втора-категорија и изработување на урбанистички планови;

2. се грижи, преку своите професионални одделенија за континуираниот професионален развој на своите членови, за што воспоставува разни облици соработка со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот, со факултетите, со здруженија и асоцијации на архитекти и инженери и слично;

3. ја развива професионалната етика;

4. воспоставува и развива соработка со други комори на архитекти и/или инженери и со меѓународни организации на архитекти и/или инженери, како и со други професионални организации и здруженија.

## III. ОРГАНИЗАЦИЈА НА КОМОРАТА

### Член 7

Членовите на Комората ги остваруваат своите интереси во Комората непосредно во професионални одделенија и посредно преку своите избрани претставници во Собранието на Комората и преку други облици на уредување и работа утврдени со овој статут.

## ОРГАНИ НА КОМОРАТА

### Член 8

(1) Органи на Комората се: Собрание, Управен одбор, Надзорен одбор, претседател на Комората и **потпретседател на Комората**.

(2) Собранието на Комората избира претседател на Комората, потпретседател на Комората, членови на Управниот одбор и членови на Надзорниот одбор - со мандат од четири години со право на повторен избор за уште еден мандат, и претседавач на Собранието на Комората и негов заменик - со мандат од две години и со право на уште еден мандат.

(3) При изборот на претседател и потпретседател на Комората, членови на Управниот одбор и членови на Надзорниот одбор, треба да се има предвид правичната застапеност на припадниците на сите заедници.

## 1. Собрание на Комората

### Член 9

(1) Собранието на Комората е највисок орган на Комората.

(2) Со Собранието раководи претседавачот на Собранието или неговиот заменик.

(3) Собранието го сочинуваат 75 члена на Комората, претставници на професионалните одделенија.

(4) Во составот на Собранието треба да биде обезбедена соодветна застапеност на одделните професионални одделенија, во зависност од бројот на членовите во одделението.

(5) Изборот на претставниците на професионалните одделенија (во натамошниот текст: одделенија) го врши секое одделение засебно од редот на своите членови, на начин утврден со акт на Комората.

(6) Мандатот на членовите на Собранието трае четири години.

(7) Собранието на Комората е должно да распише избори најмалку 60 дена пред завршување на мандатот на членовите на Собранието.

(8) Доколку Собранието на Комората не распише избори до завршување на мандатот на членовите на Собранието, Управниот одбор на Комората има право да ги распише изборите.

### Член 10

(1) Собранието може да заседава ако на седницата присуствува мнозинство од вкупниот број претставници од член 9 став 3 од овој статут и да донесува правосилни одлуки со мнозинство гласови од присутните претставници на седницата.

(2) Секој од претставниците има право на еден глас.

(3) Член на Собранието на кој со правосилна одлука му е изречена мерка забрана за вршење на работи на определено време нема право да учествува во работата на Собранието. Доколку по кој било основ 1/3 или повеќе од вкупниот број собраниските делегати го изгубат правото да учествуваат во работата на Собранието, одделенијата на Комората задолжително свикуваат седница за избор на нови членови на Собранието, чиј мандат ќе биде до завршување на мандатот на досегашните/постојни членови на Собранието. Бројот на новоизбрани делегати по одделение ќе кореспондира со бројот на престанати мандати по одделение.

### Член 11

(1) Редовна седница на Собранието се одржува најмалку еднаш годишно на иницијатива на претседавачот на Собранието или неговиот заменик. Седницата се закажува и ако тоа писмено го побараат:

- Претседателот на Комората,
- Управниот одбор, со мнозинство гласови ...
- едно одделение на Комората преку раководителот на одделението или
- најмалку една четвртина од вкупното членство на Собранието на Комората.

Во тој случај претседавачот на Собранието на Комората или неговиот заменик е должен најдоцна во рок од 20 дена да го свика Собранието на Комората. Доколку Собранието не се свика во рок од 20 дена од страна на Претседавачот на собранието или неговиот заменик, истото, задолжително го свикуваат органите и службите на Комората по службена должност.

(2)Во случај на отсутност на Претседавачот на Собранието или неговиот заменик, со седницата на Собранието раководи именуван член на Собранието, со одлука на Собранието на Комората донесена на почетокот на самата седница на Собранието.

(3) Седницата на Собранието е јавна.

(4) Работата на Собранието се врши според Деловникот за работа на Собранието на Комората.

(5) Покана за седница на Собранието им се доставува на претставниците на одделенијата најдоцна десет дена пред одржувањето на седницата.

### Член 12

(1) Собранието на Комората ги врши следните работи:

1. донесува Статут и други општи акти утврдени со закон и Статутот;
2. донесува програма за работа;
3. одобрува завршна сметка и финансиски извештај;
4. утврдува висина на членарина;
5. врши избори на органите на Комората - претседател на Комората, потпретседател на Комората, членови на Управниот одбор и членови на Надзорниот одбор на Комората;
6. донесува Деловник за работа на Собранието на Комората;
7. усвојува тарифник за извршени услуги;
8. учествува во изработка и донесување на ценовник за јавни услуги;
9. донесува Кодекс на професионална етика на овластени архитекти и овластени инженери;
10. донесува акт за основање на Комората;
11. донесува Правилник за надомест на посебни трошоци на членовите на Комората и други лица;
12. донесува Правилник за користење на наплатените парични казни и за трошоци на постапката;
13. донесува Правилник за избор на почесни членови на Комората.
14. донесува Правилник за континуиран професионален развој;
15. одлучува за распишување избори и спроведува именувања и разрешувања;
16. ги потврдува членовите на Управниот одбор кои ги избрале одделенијата;
17. го потврдува формирањето на одделенијата;
18. избира членови на Дисциплинската комисија и донесува одлуки за формирање и распуштање на оваа комисија;
19. избира членови на Комисијата за решавање жалби од втор степени донесува одлуки за формирање и распуштање на оваа комисија;

20. расправа и одлучува за сите прашања кои се од значење за вршење на архитектонска и инженерска дејност и за положбата на архитектите и инженерите;
21. дава одговор на сите прашања кои ќе му ги упати Управниот одбор;
22. ги разгледува и зазема став за извештаите за работа на Управниот одбор и го разрешува Управниот одбор во случај кога извештајот е негативен:
23. ги разгледува извештаите на Надзорниот одбор;
24. донесува и други акти за потребите на Комората;
25. одлучува и за други прашања кои се ставени на дневен ред на седницата.

(2) По потреба Собранието може да донесе и други општи акти, како и да основа и именува соодветни тела кога тоа е потребно за решавање на поединечни прашања, во согласност со овој статут.

(3) Собранието може да разгледува секое прашање од делокругот на другите тела на Комората и да одлучува за него.

## Член 13

(1) Собранието има право да отповика членови на телата на Комората кои тоа ги избира и во тој случај е должно веднаш да избере нови членови.

(2) Кога ќе се испразни место во телата на Комората, Собранието треба на првата наредна седница да избере/утврди нов член.

## 2. Управен одбор

## Член 14

(1) Управниот одбор го сочинуваат претседателот и потпретседателот на Комората и раководителите на професионалните одделенија.

(2) Претседателот на Комората е и претседател на Управниот одбор и претседава со седниците на Управниот одбор.

(3) Потпретседателот на Комората е и потпретседател на Управниот одбор.

(4) Мандатот на членовите на Управниот одбор трае четири години, односно до избор на нови членови, со право на само уште еден повторен избор.

## Член 15

Управниот одбор на Комората :

1. донесува Деловник за работа на Управниот одбор;
2. донесува одлуки од својот делокруг на работа;
3. ги спроведува одлуките и заклучоците на Собранието;
4. ги утврдува предлозите на Статутот и другите акти кои ги донесува Собранието;
5. донесува Правилник за организација и систематизација на стручната служба на Комората;

6. предлага одлуки, заклучоци, ставови и дава мислења за прашањата за кои расправа Собранието;
7. на предлог на одделение именува комисија за вршење на упис во имениците на Комората;
8. ги извршува одлуките за казнување поради тешка и лесна повреда на должноста и на угледот на архитект и инженер;
9. ја утврдува висината на средствата со кои може да располага претседателот на Комората;
10. му предлага на Собранието на Комората годишна програма и план на работа;
11. поднесува извештај за работа до Собранието на Комората со вкупните приходи и расходи
12. ги усвојува финансискиот извештај и завршната сметка на Комората и ги поднесува за одобрување до Собранието на Комората;
13. управува со финансиското работење на Комората;
14. одлучува за зачленување на Комората во меѓународни и други здруженија и организации на архитекти и/или инженери и именува претставници од Комората во тие здруженија и организации;
15. се грижи за унапредување на соработката со комори од други земји, како и со соодветни стручни и професионални здруженија во странство;
16. именува главен и одговорен уредник на списанието на Комората и членови на Уредувачкиот одбор;
17. ги прима и одобрува извештаите на претседателот на Комората;
18. го предлага годишниот извештај за работа на Комората што се доставува до органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот;
19. ја следи работата на овластените архитекти и овластените инженери и презема мерки за правилно вршење на нивната работа;
20. Предлага правилник за континуиран професионален развој и ја утврдува програмата за постојано стручно усовршување на архитектите и инженерите и го контролира нејзиното спроведување;
21. донесува одлука за формирање нови оделенија;
22. донесува упатство за работа на комисиите кои вршат преглед на документацијата при издавање овластувања;
23. донесува правилник за мирување на членството во Комората;
24. предлага претседател и членови на Дисциплинската комисија и нивни заменици;
25. предлага членови на Комисијата за решавање жалби од втор степен.
26. донесува одлуки и правилници за работењето на Комисијата за решавање жалби од втор степен;
27. донесува одлуки за работењето на Дисциплинската комисија и Правилник за дисциплинска постапка во Комората.

28. врши и други работи определени со закон, со овој статут и со други општи акти на Комората.

## Член 16

(1) Управниот одбор се состанува на редовни седници најмалку еднаш месечно, по покана на претседателот на Комората. По потреба може да се закаже и вонредна седница ако писмено го побараат тоа:

- Надзорниот одбор на Комората,
- раководител на некое професионално одделение или
- најмалку една четвртина од членовите на Управниот одбор на Комората.

Во тој случај претседателот на Комората е должен во рок од 15 дена да го свика Управниот одбор.

(2) Во поканата мора да биде наведен дневен ред, време и место на одржување на седницата.

(3) Управниот одбор може да донесува правосилни одлуки ако на седницата присуствува мнозинството од членовите и ако за одлуката гласало мнозинството од присутните членови, ако со овој статут не е поинаку определено.

(4) По исклучок од став 3 од овој член Управниот одбор одлучува со повеќе од половина од сите членови кога:

1. го утврдува предлогот на Статутот;
2. го утврдува предлогот на Кодексот на професионалната етика;
3. учествува во изработка и донесување на ценовник за јавни услуги;
4. донесува предлог на тарифник за извршени услуги за кои наплаќа Комората, а кој го усвојува Собранието на Комората;
5. одлучува за зачленување на Комората во меѓународни здруженија и други организации на архитекти и/или инженери и именува претставници на Комората во тие здруженија односно организации;
6. ја утврдува висината на средствата со кои може да располага претседателот на Комората;
7. донесува општи акти на Комората за чие донесување е овластен со Законот за градење и со овој статут;
8. го предлага годишниот извештај за работа на Комората што се доставува до органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот;
9. го одобрува извештајот на претседателот на Комората;
10. ги решава сите прашања кои не се ставени во делокругот на некој друг орган.

Управниот одбор на Комората, заради остварување на своите обврски согласно позитивната законска регулатива и Статутот на Комората, е овластен да бара од овластените архитекти и овластените инженери известувања и податоци кои се однесуваат на вршењето на нивната работа.

## Член 17

(1) Управниот одбор, грижејќи се за постојано стручно усовршување на архитектите и инженерите, организира или учествува во организирање на:

- советувања, семинари, натпревари, предавања, трибини и слично и
- издавање на списанија, книги и слично.

(2) Обликот на постојаното стручно усовршување од став 1 од овој член може да се организира во соработка со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот, со други државни органи, со тела на локалната самоуправа, со факултети, со други стручни и научни установи, со стручни и професионални здруженија, со еминентни стручни лица од земјата и странство и сл.

(3) Разните облици на стручно усовршување Управниот одбор може да ги организира и остварува и во соработка со странски комори на архитекти и/или инженери и други професионални здруженија односно организации.

(4) Управниот одбор склучува меморандуми и договори за меѓународна соработка.

## 3. Надзорен одбор

### Член 18

(1) Надзорниот одбор има претседател и два члена и нивни заменици, кои ги избира Собранието на Комората.

(2) Во Надзорниот одбор не може да бидат избрани членови од Управниот одбор.

(3) Мандатот на членовите на Надзорниот одбор трае четири години, односно до избор на нови членови.

### Член 19

(1) Надзорниот одбор е должен најмалку два пати годишно да ги контролира материјалното и финансиското работење и завршната сметка на Комората. За својата работа секоја година поднесува извештај на Собранието на Комората и предлага разрешување на постојниот Управен одбор во случај кога се констатирани битни повреди во работењето на Управниот одбор.

(2) Надзорниот одбор врши надзор над:

- спроведувањето на Статутот и другите општи акти на Комората и остварувањето на правата и обврските на членовите на Комората,

- материјалното и финансиско работење на Комората и располагање со средствата на Комората и

- работата на стручната служба на Комората, во согласност со Статутот и другите општи акти.

(3) Управниот одбор, претседателот и другите тела на Комората се должни на Надзорниот одбор да му ги дадат сите потребни податоци во врска со нивната работа.

## 4. Претседател и потпретседател на Комората

### Член 20

(1) Претседателот на Комората е претседател и на Управниот одбор, кој е избран од Собранието на Комората. Потпретседателот на Комората исто така е избран од Собранието на Комората.

(2) Претседателот и потпретседателот на Комората ги избираат членовите на Собранието на Комората од редот на одделенијата. Секое одделение може да предложи најмногу еден кандидат за претседател и еден за потпретседател, а за избран се смета оној кандидат кој добил мнозинство гласови од вкупниот број членови на Собранието на Комората.

(3) Потпретседателот на Комората е и потпретседател и член на Управниот одбор.

(4) Во случај кога Управниот одбор ќе констатира спреченост за вршење на дејноста или подолготрајно отсуство на Претседателот на Комората, донесува одлука со која ќе го овласти Потпретседателот на Комората да го заменува Претседателот, додека трае спреченоста или отсуството. Со престанување на спреченоста за вршење на дејноста или подолготрајното отсуство, Претседателот на Комората се враќа на својата функција и за тоа писмено го известува Управниот одбор преку архивата на Комората.

(5) Седницата на Управниот одбор на која се одлучува за случајот утврден со став 4 од овој член, може да ја закаже потпретседателот на Комората, или кој и да било член на Управниот одбор на Комората.

(6) Функцијата претседател на Комората е професионална.

## Член 21

(1) Претседателот на Комората:

1. свикува седници на Управниот одбор на Комората;
2. може да иницира свикување на седница на Собранието на Комората;
3. ја претставува и застапува Комората;
4. подготвува извештај и програма за работа на Комората;
5. одобрува исплата од благајната на Комората до износот кој го одредил Управниот одбор и располага со тие средства;
6. издава решение за мирување и престанување на членство во Комората;
7. е одговорен за законското работење на Комората, и има право да учествува на седниците на одделенијата без право на одлучување;
8. врши други работи предвидени со Законот за градење, со овој статут или со друг општ акт на Комората, како и работите кои ќе му ги довери Управниот одбор.

(2) За својата работа претседателот на Комората одговара пред Собранието на Комората.

## Член 22

(1) Потпретседателот на Комората :

1. ги извршува сите работи од надлежност на претседателот во отсуство на претседателот на Комората, согласно член 20 од Статутот;
2. извршува работи доверени од претседателот на Комората.

(2) За својата работа потпретседателот на Комората одговара пред Собранието на Комората и пред Управниот одбор на Комората.

## 5. Одделенија

### Член 23

(1) Во Комората се основаат следните одделенија:

1. Одделение на архитекти;
2. Одделение на градежни инженери;
3. Одделение на машински инженери;
4. Одделение на електроинженери;
5. Одделение на инженери по геологија и геотехника;
6. Одделение на сообраќајни инженери;
7. Одделение на геодетски инженери;
8. Одделение на инженери за животна средина;
9. Одделение за заштита при работа;
10. Одделение на технолози и металурзи;
11. Одделение за урбанисти и планери.
12. Одделение за енергетска ефикасност

(2) По потреба, покрај одделенијата од став 1 од овој член, во Комората може да се формираат и други одделенија од други инженерски струки, за што одлучува Управниот одбор на Комората.

(3) Членството во професионалното одделение се определува според уписот на архитектите и/или инженерите во именикот што го води Комората.

(4) Исто лице може да има овластувања од повеќе одделенија, но има право на глас само во едно одделение, кое сам ќе го избере.

### Член 24

(1) Тела на одделението се: раководител, заменик-раководител и одбор на одделението.

(2) Со одделението раководи раководител на одделението, а во случај на негово отсуство или спреченост негов заменик.

(3) Одделението на седница избира членови на одборот, раководител на одделението и негов заменик со мандат од четири години.

(4) Одборот на одделението брои најмалку 7 (седум), а најмногу 11 (единаесет) члена.

(5) При изборот на раководител на одделение, како и при изборот на членови на одборот, треба да се има предвид соодветната и правичната застапеност на припадниците на сите заедници.

(6) Надлежноста и начинот на работа на одборот може да се утврди со посебен акт, кој стапува во сила кога ќе го одобри Управниот одбор на Комората.

(7) Во одделението по потреба може да се формира комисија за преглед на комплетноста на документите за издавање на овластувања, како и други комисии. Комисиите одлучуваат со мнозинство гласови од вкупниот број членови на комисијата. Мандатот и работата на комисиите се утврдуваат со правилник донесен од Управниот одбор на Комората.

Член 25

(1) Седници на одборот на одделението се одржуваат по потреба. Седницата ја свикува и со неа претседава раководителот на одделението или во негово отсуство неговиот заменик.

(2) Седницата на одборот може да се одржи и да се донесуват правосилни одлуки ако на неа присуствува мнозинство од вкупниот број членови.

(3) На седница на одборот одлуките се донесуваат ако за нив гласало мнозинството од присутните на таа седница.

(4) Раководителот на одделението, со писмено овластување од претседателот на Комората, може да ја застапува Комората за прашања од нејзиниот делокруг.

## 6. Стручна служба

Член 26

(1) За вршење на стручни, административни, помошни и други работи Комората има стручна служба.

(2) Стручната служба ја сочинуваат генерален секретар на Комората и потребен број постојано вработени лица, согласно Правилникот за организација и систематизација.

(3) Со стручната служба раководи генералниот секретар на Комората, согласно одредбите во Законот за градење. Генералниот секретар на Комората е со висока стручна подготовка.

(4) Генералниот секретар на Комората, врз основа на конкурс го избира Управниот одбор.

Член 27

(1) Стручната служба на Комората треба да одговара на потребите и барањата на членовите и да овозможи стручно, квалитетно, благовремено и одговорно извршување на задачите на Комората.

(2) Работата на стручната служба на Комората се уредува со Правилник за организација и систематизација, кој го донесува Управниот одбор во согласност со овој статут.

# IV. ПОСТАПКА ЗА ЗАПИШУВАЊЕ ВО ИМЕНИЦИТЕ НА КОМОРАТА

Член 28

(1) Постапката за запишување во именикот на Комората, постапката за обнова на упис и во други случаи во кои се одлучува за правата и обврските на овластен архитект и овластен инженер, освен ако со Законот за градење и со овој статут не е поинаку уредено, се врши согласно одредбите од Законот за општата управна постапка и Законот за градење.

(2) Правото за запишување во именикот на Комората се стекнува врз основа на предлог за издавање на овластување поднесен од комисијата на одделението и потврден од Управниот одбор на Комората.

(3) Правото за вршење работи на: изработка на проектна документација, ревизија на проекти, изведба на објекти, надзор над изградба, изработка на акти на урбанистичко планирање, овластениот архитект односно овластениот инженер го стекнува со запишување во именикот на Комората по донесување решение за издавање на овластување од Управниот одбор на Комората.

(4) Ако се промени кој било податок во овластувањето, овластениот архитект односно овластениот инженер е должен веднаш да побара издавање на ново овластување.

## Член 29

(1) Постапката за добивање на овластување и запишување во именикот се врши врз основа на писмено барање поднесено од дипломиран архитект односно дипломиран инженер до Управниот одбор на Комората.

(2) Постапката и критериумите за запишување во именикот се утврди со Законот за градење.

## Член 30

(1) Комората води именик на овластени архитекти и овластени инженери

(2) Именикот од став 1 од овој член е јавна книга. Страниците на таа книга се означуваат со реден број. Именикот има свои рубрики определени со акт на Министерството за транспорт и врски. Именикот може да се води и во електронска форма. Извод издаден врз основа на податоците од именикот е јавен документ.

(3) Именикот од став 1 од овој член се води согласно одредбите од Правилникот за начинот и постапката за издавање, обновување и одземање на овластувањата за: проектирање на градби, ревизија на проектна документација на инженер за изведба и надзорен инженер, како и формата, содржината и начинот на водењето на регистарот за издадени и одземени овластувања.

## Член 31

Именикот на Комората задолжително ги има следните рубрики:

1. Име и презиме на архитектот или инженерот;
2. Степен на образование;
3. Адреса и место на живеење;
4. Единствен матичен број на граѓанинот (не се објавува);
5. Ден на уписот;
6. Вид на овластување, број и датум на овластување;
7. Ден и причина поради која се врши бришење од именикот;
8. Забелешка за мирување и престанување на членството во Комората, односно забрана за вршење архитектонски и инженерски работи, со број и датум на решението врз основа на кое забелешката е внесена .

### Мирување на членство во Комората

### Член 32

(1) На овластен архитект односно на овластен инженер членството во Комората му мирува ако му е изречена мерката на безбедност забрана на вршење на дејноста додека трае мерката, како и во други случаи определени со закон и со Правилникот за мирување на членство во Комората.

(2) Решение за мирување донесува тело на Комората определено со овој статут или со закон.

(3) За време на мирувањето на овластениот архитект односно овластениот инженер му мируваат сите права кои произлегуваат од членството во Комората.

(4) По престанување на мирувањето, овластениот архитект односно овластениот инженер повторно ги стекнува правата кои произлегуваат од членството во Комората.

### Престанување на членството во Комората

### Член 33

На овластен архитект односно овластен инженер членството во Комората и правото на вршење на дејноста како овластен архитект односно овластен инженер му престанува со бришење од именикот ако:

1. со дисциплинска мерка изгубил право на извршување на дејноста;
2. поднесе барање за престанување на членството во Комората;
3. не ја намирува редовно обврската за уплата на годишната членарина поради што е донесена одлука за престанување на членството во Комората;
4. законот предвидел и друг основ за престанување на членството.

## V. ПРАВА И ДОЛЖНОСТИ НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ

### Член 34

(1) Овластен архитект односно овластен инженер има право да избира и да биде избран во телата на Комората.

(2) Овластен архитект односно овластен инженер што е избран во Собранието на Комората е должен да присуствува на седниците на Собранието. Овластен архитект односно овластен инженер што е избран во други тела на Комората е должен да присуствува на седниците на тие тела.

(3) Овластен архитект односно овластен инженер е должен:

1. да постапува во согласност со заклучоците на телата на Комората;

2. на барање на телата на Комората без одлагање да дава податоци и известувања кои се однесуваат на неговата работа при вршењето на архитектонските и инженерските работи;
3. да плаќа членарина и други давачки кои ќе ги утврдат телата и одделенијата на Комората;
4. да ги врши работите совесно, во согласност со законот, со правилата на струката и со Кодексот на професионална етика и
5. да ги почитува авторските права согласно Законот за авторското право и сродните права.

### Член 35

(1) Овластениот архитект односно овластен инженер има право и должност во рамките на законот и добиените овластувања да ги презема сите потребни работи.

(2) Овластениот архитект односно овластениот инженер е должен да го почитува тарифникот на Комората.

### Член 36

(1) Овластениот архитект одноно овластениот инженер смее да потпише и да стави свој печат само на оној проект и друга документација кои ги изработил сам, односно кои се изработени под негово раководење.

(2) Ако проектот е изработен со соработници, овластениот архитект односно овластениот инженер е должен да ги наведе имињата на тие соработници. Доколку во проектната документација се наведат имиња на соработници кои не учествувале во проектот, тоа може да биде основа за одземање на овластувањата и на лицето кое ги запишало имињата на соработниците и на самите потпишани соработници кои не учествувале во проектот,

(3) Овластениот архитект односно овластениот инженер кој ја изработил проектната документација ја презема одговорноста за соработниците кои се потпишани на неа, а не учествувале во нејзината изработка.

### Член 37

Овластениот архитект и/или овластениот инженер, чија канцеларија е на подрачје на кое покрај македонскиот во службена употреба е и друг јазик, може во својот печат покрај ознаката "овластен архитект" или "овластен инженер", согласно законот да има и превод на тие зборови на друг јазик.

## VI. ДИСЦИПЛИНСКА ПОСТАПКА

### Член 38

**Дисциплинската постапка ја водат Дисциплинската комисија** и Комисијата за решавање жалби од втор степен

## Дисциплинска комисија

### Член 39

(1) Дисциплинската комисија е независно тело на Комората кое одлучува за повреди на должноста и на угледот на архитектите и/или инженерите од страна на овластени архитекти и/или овластени инженери.

### Член 40

(1) Дисциплинската комисија одлучува во состав од претседател и два члена.

(2) Со работата на Дисциплинската комисија раководи нејзиниот претседател. Ако е спречен или оправдано е отсутен, го заменува негов заменик.

(3) Дисциплинската комисија одлучува со мнозинство гласови.

### Член 41

(1) Претседателот, неговиот заменик и членовите на Дисциплинската комисија ги избира и разрешува Собранието на Комората на предлог на Управниот одбор на Комората. Мандатот на членовите на дисциплинската комисија трае две години, со право на повторен избор.

(2) Член на Дисциплинската комисија е разрешен ако за неговото разрешување гласале повеќе од половина од мнозинството на членовите на Собранието, присутни на седницата.

(3) Членот од став 2 од овој член, пред одржувањето на седницата на која ќе се одлучува за неговото разрешување, мора претходно да се запознае со барањето за неговото разрешување, со фактите и доказите на кои се заснова барањето и мора да му се овозможи на седницата на Собранието да се изјасни за барањето за разрешување.

### Член 42

(1) При одлучувањето членовите на Дисциплинската комисија се независни и одлучуваат врз основа на Уставот и законите, Законот за градење, Законот за просторно и урбанистичко планирање, овој статут и Кодексот на професионалната етика.

(2) Во постапката пред Дисциплинската комисија јавноста е исклучена.

## Дисциплинска одговорност
## на овластен архитект и/или овластен инженер

### Член 43

(1) Овластениот архитект и/или овластениот инженер одговара за повреда на должноста и на угледот врз основа на одредбите на Законот за градење, Законот за просторно и урбанистичко планирање, овој статут и Кодексот на професионалната етика.

### Поведување на дисциплинска постапка

### Член 44

(1) Дисциплинската постапка ја поведува по службена должност Дисциплинската комисија или врз основа на поднесено писмено барање од претседателот на Комората или врз основа на одлука на Управниот одбор на Комората.

(2) Во дисциплинската постапка се применуваат одредбите на прекршочната постапка, доколку не е поинаку уредено со овој статут или со друг општ акт на Комората.

### Постапка пред Дисциплинската комисија

### Член 45

(1) Претседателот на Дисциплинската комисија, по приемот на барањето, ја свикува Дисциплинската комисија во која покрај него има уште два члена.

(2) Дисциплинската комисија:

1. ја прекинува дисциплинската постапка ако утврди дека делото кое е предмет на барањето не е повреда или дека постојат околности кои ја исклучуваат дисциплинската одговорност, или дека нема доволно докази дека сторителот на повредата е под основано сомнение дека ја направил повредата која е предмет на барањето;
2. може да одлучи дисциплинската постапка да ја прекине ако против сторителот на повредата се води прекршочна постапка за истото дело до конечноста на таа постапка.

### Член 46

(1) Жалба против одлуката на Дисциплинската комисија може да се поднесе до Комисијата за решавање жалби од втор степен, во рок од 15 дена од денот на приемот на одлуката.

(2)Комисијата за решавање на жалби од втор степен мора да донесе одлука односно решение во рок од 30 дена од денот на прием на сите списи од жалбата.

(3) Против одлуката односно решението на комисијата за решавање на жалби од втор степен, може да се покрене постапка пред надлежниот орган согласно законската регулатива.

(4) Доколку Комисијата за решавање жалби од втор степен не донесе одлука во рокот од став 2 од овој член, овластениот архитект или овластениот инженер може да поведе управна постапка во рок од 15 дена од изминувањето на рокот на второстепената комисија.

## VII. ЈАВНОСТ ВО РАБОТЕЊЕТО НА КОМОРАТА

### Член 47

Работата на Комората е јавна. Јавноста на работата на Комората се обезбедува преку постојано информирање на членовите за работата на Комората.

### Член 48

(1) Комората има свое списание и веб-страница.

(2) Во списанието се објавуваат стручни и научни трудови од подрачјето на архитектонската и инженерската дејност, како и службените акти на Комората.

(3) Списанието се доставува до сите членови на Комората.

### Член 49

(1) Главниот и одговорен уредник на списанието и членовите на Уредувачкиот одбор ги именува Управниот одбор за време од три години.

(2) За својата работа членовите на Уредувачкиот одбор, главниот и одговорниот уредник на списанието одговараат пред Управниот одбор.

## VIII. ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ НА КОМОРАТА

### Член 50

(1) Финансиското работење на Комората се врши врз основа на **финансиски план на** приходите и расходите, кој го донесува Собранието на Комората.

(2) Средствата за извршување на работите од надлежност на Комората се обезбедуваат од:

- надоместок за овластување;
- надоместок од членарина;
- надоместок од нострификации на странски проекти;
- донации;
- дисциплински парични казни;
- надоместок за арбитражни услуги;
- домашни и странски фондови и проектни финансирања;
- реклами во списанието на Комората Пресинг;
- други извори утврдени со закон.

### Член 51

(1) Комората ги користи своите средства за вршење на работите на Комората утврдени со Законот за градење, со Законот за просторно и урбанистичко планирање и со овој статут.

(2) Управниот одбор може да одобри користење на средствата на Комората и за други оправдани цели или потреби.

### Член 52

Одлуката за лицата овластени за располагање со паричните средства на Комората ја донесува Управниот одбор на Комората.

## IX. ПЕЧАТ, ЗНАК, ЖИГ И ЗНАМЕ НА КОМОРАТА

### Член 53

(1) Печатот на Комората е со кружна форма со димензија фи=40мм. Во него помеѓу две кружни линии е впишано: Комора на овластени архитекти и овластени инженери на Македонија. Во внатрешноста од кругот е впишана ѕвезда со осум краци со црвена боја.

(2) Знакот е идентичен со печатот опишан во став (1) од овој член, а може да биде со црвена или златна боја.

(3) Знамето на Комората е со бела боја, со однос на димезиите 2,25:1, На средината на знамето е отпечатен знакот на Комората со дијаметар ½ од ширината на знамето во црвена боја

(4) Сувиот жиг на Комората е идентичен со печатот на комората со тоа што може да биде втиснат на различна подлога (најчесто златна) со помала или поголема димензија пропоционална димензиите на печатот.

(5) Комората има свој приемен и доставен штембил во правоаголна форма и на него е испишан следниот текст: Комора на овластени архитекти и овластени инженери на Република Македонија, со место/линија за впишување датум на прием/испраќање и за бројот на актот/списот.

## X. ЧУВАЊЕ НА СПИСИТЕ

### Член 54

Имениците, регистрите и списите кои се однесуваат на одделни овластени архитекти односно овластени инженери се чуваат трајно, додека сите други списи се чуваат согласно прописите за архивско работење.

## XI. АРБИТРАЖА НА КОМОРАТА

Комората може да формира постојан избран суд - арбитража, како независен орган, согласно Законот за стопански комори.

### Член 55

(1) Постојаниот избран суд - арбитража, решава со посредување или одлучување за деловни спорови помеѓу членови на Комората, помеѓу членови на Комората и трети лица, како и меѓу други правни лица од земјата и странство, ако странките ја договорат надлежноста на овој суд.

(2) Одлуките на постојаниот избран суд - арбитражата се конечни и имаат сила на правосилна пресуда.

### Член 56

Надлежноста, составот и организацијата на постојаниот избран суд – арбитражата, начинот на избор и разрешувањето на неговите членови и постапката по предметите од неговата надлежност се утврдуваат со акт кој го донесува Собранието на комората.

## XII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 57

Толкување на одделни одредби од овој статут дава **Собранието и Управниот одбор** на Комората.

### Член 58

(1) Овој статут влегува во сила во рок од осум дена од денот на неговото донесување.

(2) Статутот се објавува во службеното гласило на Комората и на нејзината веб страница.

Претседавач на Собранието на Комората

Проф. д-р Миле Станковски